**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје**
**Факултет за драмски уметности Скопје**
**Бр. 0202-528/5**
**06.07.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 57 од Статутот на Факултетот за драмски уметности во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр.455/219), Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот , на 7-мата седница за 2022. одржана на .06.07.2022 година донесе

# ОДЛУКА
## за користење на филмска и ТВ опрема и техника без надомест

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат правото на користење без надомест, видот, начинот, обемот и постапката за користењето на филмската и ТВ техника која ја поседува УКИМ Факултет за драмски уметности во понатамошниот текст „Факултетот"), а за потребите на образовниот процес согласно студиските програми и модули од сите три циклуси (вежби, испитни, магистерски и докторски аудиовизуелни дела и други мултимедиални дела) и за остварување на апликативната дејност на Факултетот.

**Член 2**

Право на користење на филмската и ТВ опрема и техника без надомест, а за потребите на образовниот процес согласно студиските програми и модули од сите три циклуси на студии на Факултетот, како и за остварување на апликативната дејност на Факултетот имаат:

- студентите на Катедрата за
Филмска и ТВ-монтажа;
- студентите на Катедрата за филмско и ТВ-снимање;
- студентите на Катедрата за филмска и ТВ-режија;
- студентите на останатите катедри (во понатамошниот текст студенти) и
- вработени од редот на наставниот и соработничкиот кадар (во понатамошниот текст вработени).

**Член 3**

Администрирањето, управувањето и користењето на филмската и ТВ опрема и техника се врши од страна на деканот, продеканите и Комисијата за утврдување на потребата, видот, начинот и обемот на користење на филмската и ТВ опрема и техника (во понатамошниот текст Комисијата). Комисијата е составена од раководителот на катедрата за Филмско и ТВ-снимање, како и по еден наставник од катедрите за Филмска и ТВ-монтажа иза Продукција, а на предлог на самите катедри.

**Член 4**

Надлежност на комисијата:

- изготвува неделен, месечен и полугодишен план за користење на филмската и ТВ опрема и техника, врз основа на студиските програми, водејќи сметка примарно за ефективно и непречено одвивање на образовниот процес на Факултетот,;

- определува приоритети за користење на филмската и ТВ опрема и техника, а врз основа на донесените планови;
- одлучува за потребата, видот, начинот и обемот на користење на филмската и ТВ опрема и техника, согласно барањата од предметните наставници на студентите, како и согласно техничката обученост на студентите, односно лицата кои ќе ракуваат со опремата и техниката;
- дава образложен предлог до ННУС за користење на филмската и ТВ опрема и техника над роковите за користење определени во Член 5;
- изготвува процедура за начинот на издавање, враќање и проверка на исправноста на филмската и ТВ опрема и техника.

**Член 5**

Видот, обемот и термините за користење на филмската и ТВ опрема и техника без надомест зависи од комплексноста и спецификите на аудиовизуелното, односно мултимедијалното дело, што ќе бидат утврдени од страна на комисијата, а врз основа на доставено барање од предметен професор, односно професори.

Барањето за користење на филмската и ТВ опрема и техника треба да биде поткрепено со сценарио, книга на снимање и план на снимање за определеното аудиовизуелно дело, односно мултимедијално дело.

Користењето на филмската и ТВ опрема и техника без надомест во функција на образовниот процес по правило е лимитирано на:

- најмногу 10 (десет) снимачки денови по аудиовизуелно, односно мултимедијално дело, и
- најмногу 10 (десет) дена за монтажа и постпродукција по аудиовизуелно, односно мултимедијално дело.
- По исклучок, Комисијата има право да дозволи надминување на максималниот број снимачки денови и денови за монтажа и постпродукција по доставено образложено барање од страна на предметниот професор, а поради објективни причини, но не повеќе од 3 (три) снимачки дена и не повеќе од 3 (три) дена за монтажа и постпродукција.

**Член 6**

Во случај кога Факултетот се јавува како продуцент на аудиовизуелно, односно мултимедијално дело од поголем формат, одлука за бројот на снимачки денови и термини за монтажа кои ги надминуваат определените рокови од Член 5 донесува ННУС на предлог на Комисијата.

**Член 7**

Во случај кога Факултетот не се јавува како продуцент на испитен, дипломски, магистерски, односно докторски труд, а студентот користи филмска опрема и техника без надомест, а цената на истата опрема и техника во случај на закуп би изнесувала 10% (десет проценти) или повеќе проценти од вкупниот буџет на проектот согласно Одлуката за утврдување на цените за закуп на филмска и ТВ опрема и техника бр. 0202-528 /6 од 06.07.2022, Факултетот за драмски уметности има права на копродуцент што ќе се регулираат во договор со продуцентот, а ако е помала од 10% (десет проценти), поддршката во опрема и техника од страна на Факултетот треба да биде назначена во одјавната шпица/промотивните материјали на проектот).

**Член 8**

Филмската и ТВ опрема и техника може да се користат за остварување на апликативната дејност на Факултетот со одобрение на ННУС.

**Член 9**

Студентите, односно вработените водат писмена евиденција за користење на филмската и ТВ опрема и техника, внесувајќи ги сите неопходни информации за соодветниот снимачки ден, односно ден за монтажа термин.

Студентите, односно вработените се должни да се грижи за филмската и ТВ опрема и техника да нема физички, хардверски и софтверски аномалии и оштетувања.

Студентите, односно вработените не смеат без знаење на предметен професор/асистент и раководител на катедрите за филмска и тв монтажа и филмско и ТВ снимање да вршат вклучување/исклучување на хардверски и/или други уреди и/или да инсталираат/бришат софтверски компоненти.

Студентот, односно вработениот води писмена евиденција за исправноста или за проблемите со кои се соочил во текот на снимачкиот, монтажниот или постпродукцискиот процес и за тоа веднаш го информира раководителот на соодветната катедра.

**Член 10**

Студентите, односно вработените кои имаат право на користење на филмската и ТВ опрема и техника се должни опремата да ја чуваат и да ја употребуваат строго за намената за која им е дадена. Секаква неодобрена или незаконска употреба на филмската и ТВ опрема и техника од страна на студентите, односно вработените повлекува дисциплинска или кривична одговорност согласно со општите акти на Факултетот. Ова вклучува и физичко оштетување на опремата и техниката.

**Член 11**

За правилна примена на оваа Одлука ќе се грижи деканот, а во отсуство на деканот, ќе се грижи продеканот или лицето овластено за раководење со филмската и ТВ опрема и техника.

**Член 12**

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката за користење на компјутерската Лабораторија за дигитална и аудиовизуелна продукција и постпродукција и Одлуката за цените за изнајмување и користење на компјутерската опрема и на Лабораторијата за дигитална аудиовизуелна продукција и постпродукација, објавени во Универзитетски гласник бр. 227/2021)

**Член 13**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетски гласник.

**ДЕКАН**
**Проф. м-р Мими Таневска Србиновска**

Доставено до:Архива, веб страна, Универзитетски гласник, раководители на катедри на филмски оддели